INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

# БИЛТЕН

*Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје*

*Број 70 / 2023*

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## СОДРЖИНА

- ЗАПИСНИК од седудесетата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје
- РЕФЕРАТ за избор на научен советник/редовен професор во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје - Проф. Д-р Калина Лечевска
- РЕФЕРАТ за избор на виш научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје - Проф. Д-р Гордан Георгиев

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 85/2023
26.05 20 23 год.
СКОПЈЕ

**ЗАПИСНИК**

**од седумдесетата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

На 25ти април 2023 се одржа седумдесетата седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје во состав: проф. д-р Дона Колар Панова, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска, проф. д-р Викторија Боровска, проф. д-р Ана Блажева, доц. д-р Ристо Карајков, доц. д-р. Здравко Савески, доц. Д-р Тихомир Топузовски;

ДНЕВЕН РЕД на седумдесетата седница на Научно-наставниот совет,

**НАУЧНО-НАСТАВЕН СОВЕТ**

**25ти април, 2023**

**Дневен ред на 70 седница на Советот:**

**1.Усвојување на нацрт Записникот од 69-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;**

**2. Одлука за закажување јавна одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Дискриминација на жените на пазарот на труд во Република Северна Македонија" на кандидатот Никола Спасовски;**

**3. Одлука за избор во звање за избор во звање на проф. д-р Калина Лечевска во научно-наставно звање научен советник/редовен професор;**

**4. Одлука за формирање комисија за за избор во звање на доц. д-р Гордан Георгиев во научно-наставно звање виш научен соработник/вонреден професор;**

**5. Разно.**

Записник од 70-та седница на Советот:

1. Усвојување на нацрт Записникот од 69-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје; Советот

едногласно го усвои нацрт Записникот од 69-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

2. Одлука за избор во звање за избор во звање на проф. д-р Калина Лечевска во научно-наставно звање научен советник/редовен професор; Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје врз основа на позитивната рецензија од комисијата, донесе одлука за избор во звање за избор во звање на проф. д-р Калина Лечевска во научно-наставно звање научен советник/редовен професор;

3. Одлука за формирање комисија за избор во звање на доц. д-р Гордан Георгиев во научно-наставно звање виш научен соработник/вонреден професор; советот на Институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје, донесе одлука за формирање комисија за избор во звање на доц. д-р Гордан Георгиев во научно-наставно звање виш научен соработник/вонреден професор. Комисијата е во состав:

Проф. д-р Катерина Колозова

Проф. д-р Викторија Боровска

Проф. д-р Ристо Карајков

4. Разно.

-За оваа точка немаше дискусија.

Записничар,

Д-р Викторија Боровска

25.04.2023, во Скопје

Институт за општествени и хуманистички науки • СКОПЈЕ

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 51/1/2023
24.04.2023 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## За избор на научен советник/редовен професор во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

Со одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница одржана на 04.04.2023 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на научен советник/редовен професор.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатката со објавени трудови и нивни примероци, кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката дејност на кандидатката.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на проф. д-р Калина Лечевска;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето научен советник (еквивалент: редовен професор).

Комисијата во состав: проф. д-р Дона Колар-Панова, проф. д-р Катерина Колозова и проф. д-р Маја Мухиќ по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Проф. д-р Калина Лечевска е родена на 11.02.1984 година во Скопје. Во 2006 година, таа дипломирала на Филозофскиот факултет, на Катедрата по социологија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ со просечен успех 8,7.

INSTITUTE OF
SOCIAL
SCIENCES AND
HUMANITIES
SKOPJE
INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Во 2008 година ги завршува постдипломските студии на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" од Скопје со просечен успех 10,00. Темата на магистерскиот труд била „Предрасудите и стереотипите кон хомосексуалците во Република Македонија", а кандидатката се стекнала со звање - Магистер по социолошки науки.

Во 2012 година докторирала на социологија на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" од Скопје. Темата на докторскиот труд била „Социолошките димензии на педофилијата во Република Македонија", а Лечевска се стекнала со звање - Доктор по социолошки науки.

Во текот на постдипломските студии работи како помлад истражувач на тековните проекти на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, особено во спроведувањето на теренските истражувања, како и при изготвување на анализа од резултатите добиени од овие истражувања.

Во 2011 година е ангажирана како помлад истражувач – соработник во Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан" на предметот „Квалитативни и квантитативни истражувачки методи" во рамки на постдипломските студии на институтот. Истата година, таа станува еден од основачите на Институтот за социолошки анализи, каде повремено и хонорарно учествува на проекти како научен соработник и истражувач.

Од 2012 година е во постојан работен однос во Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, најпрвин како научен соработник/доцент. Во 2018 се стекнува со титулата – виш научен соработник/вонреден професор. Од самиот почеток на ИОХН-Скопје, таа учествува во сите негови проекти и е дел од авторскиот тим кој објавува студии на применети политики. Моментално е ангажирана како вонреден професор на изборниот предмет „Студии на политики во граѓанскиот сектор".

## 2. ПРЕГЛЕД И ОЦЕНКА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА И УМЕТНИЧКАТА ДЕЈНОСТ

### 2.1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

**2.1.1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Проф. д-р Калина Лечевска од 28.02.2013 година е избрана за научен соработник/доцент на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. На истото место, во 19.04.2018 година е избрана во виш научен соработник/вонреден професор. Во изминатите години учествувала на сите домашни и меѓународни проекти спроведени од Институтот, како и на бројни истражувања од Институтот за социолошки анализи, чиј е основач.

**Објавени трудови:**

**ИЗГОТВЕНИ СТУДИИ НА ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИКИ СО ПРЕПОРАКИ:**

- „Анализи на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите", ко-автор, ИОХН-С, Скопје, 2023
- „Проценка на потреби за градење на родово сензитивни политики за општествена пост-Ковид резилиентност и закрепнување", ко-автор, ИОХН-С, Скопје, 2022
- „На патот кон ЕУ: Ефективна и транспарентна администрација во служба на граѓаните", ко-автор, ИОХН-С, Скопје, 2020
- „Влијанието на демографските фактори врз учеството на граѓаните во јавниот живот и едукација на гласачите во Северна Македонија", ко-автор, ИОХН-С, Скопје, 2020
- „Одзаробување на административниот ум: Поларизација на односите меѓу граѓаните и државата", ко-автор ИОХН-С, Скопје, 2021
- „Дигитализацијата како пат на вистинска администрација ориентирана кон граѓаните: Децентрализација на процесите како средства за забрзана и ефективна реформа", ко-автор ИОХН-С, 2021
- „Влијанието на демографските фактори врз учеството на граѓаните во јавниот живот и едукација на гласачите во Северна Македонија", ИОХН-С, Скопје, 2020



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

- „Поларизацијата како средство за популистичко владеење и како да се надмине: Анализа базирана на македонскиот случај на социо-политичките напори за надминување на состојбата на 'заробена држава' како главна одлика на управувањето", ко-автор, ИОХН-С, Скопје, 2019

**ДРУГИ ПУБЛИКАЦИИ:**

- „Транзициска правда за пост-кризниот период во Република Македонија", ко-автор, ИОХН-С, Скопје, 2018
- „Основните чекори на поларизација и популизам", ко-автор, ИОХН-С, Скопје, 2019
- „Транзициска правда за пост-кризниот период во Република Македонија", ко-автор, ИОХН-С, Скопје, 2018
- „Поларизирачкиот дискурс и влијанието врз политичката и социјалната поларизација во македонското општество", ко-автор, ИОХН-С, Скопје, 2019

**УЧЕСТВО НА ПРОЕКТИ:**

**Координатор**:

- „Преку деполаризација до демократски, стабилни и институции: Придонес на граѓанското општество", ИОХН-Скопје, 2023 (поддржано од Швајцарска агенција за развој и соработка, Програма: Цивика Мобилитас)
- „Образование насочено кон иновација во ерата на 'транзицијата близначка': Фокус на Југоисточна Европа", ИОХН-Скопје 2022/2024, поддржано од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, КА 220
- „Авении на соработка за проширување на ЕУ: Разрешување на културните конфликти на Балканот врз основа на моделот на Договорот од Преспа", ИОХН-Скопје 2021/2022, Balkan Trust for Democracy
- „Нови предизвици во надминувањето на 'демократското уназадување' во Северна Македонија: 'Заробената држава' и 'илибералната демократија' во ревидиран контекст", ИОХН-Скопје 2020/2022, поддржано од National Endowment for Democracy
- „Кон деполаризација на јавниот дискурс во Северна Македонија: Дијалог меѓу спротивставените политички столбови како предуслов за надминување на популистичкиот модел на управување", ИОХН-Скопје 2019/2020, поддржано од National Endowment for Democracy
- „Скопје 2014 – Инфо центар", ИОХН-Скопје 2018, поддржано од Музеј на град Скопје



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE
INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

- „Соработка помеѓу политичките партии и граѓанските организации: Намалување на асиметричната моќ на извршната власт", ИОХН-Скопје, 2018/2019, поддржано од National Endowment for Democracy
- „Дискусии за реформските приоритети во овозможувањето на 'одзаробување' на државните институции", ИОХН-С, 2017/2018, поддржано од National Endowment for Democracy

**Истражувач:**

- „Анализи на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите", ИОХН-Скопје 2022, поддржано од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Северна Македонија
- „Истражување за перцепцијата, ставовите и односите кон меѓуетничката интеграција и кохезија во основното и средното образование во Северна Македонија", ИОХН-Скопје, 2022/2023, поддржано од ОБСЕ
- „Здружени за ЕУ", ИОХН-Скопје 2023/2024, поддржано од Visegrad fund и Министерство за надворешни работи на Република Кореа
- „Враќање на кредибилитетот на ЕУ и европскиот консензус во граѓанското општество во Северна Македонија", ИОХН-Скопје, 2022, поддржано од Friedrich Neumann Foundation
- Феминистичко образование за сите: Неформална школа за младите жени во Северна Македонија, ИОХН-Скопје, 2022, поддржано од Kvinna till Kvinna Foundation
- Авторитаризмот и левицата: иднината на демократијата во Југоисточна Европа, ИОХН-Скопје, 2022, поддржано од Rosa Luxemburg Stiftung Foundation
- „Образование за Европа: Иновација во наставните програми за следната генерација креатори на политики во Западен Балкан", ИОХН-Скопје, 2022/2023, дел од Конзорциум предводен од факултетот Sciences Politiques-Paris, Campus Dijon, а поддржано од Француско министерство за надворешни работи
- „Авении на соработка - Патот до заедничко припаѓање", ИОХН-Скопје 2021/2022, поддржано од International Visegrad Fund
- „Феминистичко образование за сите: Неформална школа за младите жени во Северна Македонија", ИОХН-Скопје 2021/2022, поддржано од Kvinna Till Kvinna Foundation



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

- „Родова димензија на политики во фокус-јакнење на резилиентност во пост-ковид период", ИОХН-Скопје, 2021, Швајцарска агенција за развој и соработка, Програма: Цивика Мобилитас
- „Материјалистички и колективистички борби за климатска правда: еко-социјализам, марксистички феминизам и критика на авторитаризмот воспоставувајќи обединета платформа", ИОХН-Скопје, 2021, поддржано од Rosa Luxemburg Stiftung Foundation
- „Дигитализацијата како пат на вистинска администрација ориентирана кон граѓаните: Децентрализација на процесите како средства за забрзана и ефективна реформа", ИОХН-Скопје 2021, поддржано од Friedrich Newman Foundation
- „На патот кон ЕУ: Ефективна и транспарентна администрација во служба на граѓаните", ИОХН-Скопје 2020, поддржано од Friedrich Newman Foundation
- "Independent Context Watch" за потребите на Швајцарска агенција за развој и соработка, ИОХН-Скопје, 2020
- „Демографско истражување во Северна Македонија", ИОХН-Скопје, 2020, поддржано од International Foundation for Electoral Systems
- „Родова борба: Нови форми на феминизам и материјализам", ИОХН-Скопје 2020, поддржано од Rosa Luxemburg Stiftung Foundation
- "Independent Context Watch" за потребите на Швајцарска агенција за развој и соработка, ИОХН-Скопје, 2019
- „Левичарски решенија за тековните муниципалистички и урбани проблеми", ИОХН-Скопје 2019, поддржано од Rosa Luxemburg Stiftung Foundation
- „Општествена нормализација: Јакнење на политичкиот дијалог и деполаризација на јавниот дискурс", ИОХН-Скопје 2019/2021, поддржано од Швајцарска агенција за развој и соработкаПрограма: Цивика Мобилитас
- "Independent Context Watch" за потребите на Швајцарска агенција за развој и соработка, ИОХН-Скопје, 2018
- „Учеството на жените во политичкиот живот", ИОХН-Скопје 2019, поддржано од Westminster Foundation for Democracy
- „Истражување на улогата на религијата во Западнобалканските општества", ИОХН-Скопје 2018/2019, поддржано од Institute for Democracy and Mediation, Tirana, Albania
- „Иновации во образованието: Интерсекција на природните и техничките со општествените и хуманистичките науки", ИОХН-Скопје 2018/2020, поддржано од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, КА 203



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

- Справување со бранот на илибералната демократија во Европа: Истражувачки политики и комуникациски план на колаборативни активности", ИОХН-Скопје 2018/2020, поддржано од OSIFE
- „Политичката култура и идентитетите и улогата на граѓанското општество", ИСА, 2017-2018
- „Мапирање на услугите за социјална грижа", ИОХН-Скопје, поддржано од UNDP, 2017-2018
- „Промена во класите и националните идентитети во Македонија од 1980 година", ИОХН-Скопје, 2016-2018
- „Иницијатива за уредничка слобода: Нови политики и застапување засновано на податоци", ИОХН-Скопје, 2017-2019

**ЕКСПЕРТСКИ АКТИВНОСТИ: РЕВИЗИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА, КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ И СЛ.**

- Член на Комисија за само-евалуација на последипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје
- Консултантски услуги за потребите на ОБСЕ при имплементација на проектот „Истражување за перцепцијата, ставовите и односите кон меѓуетничката интеграција и кохезија во основното и средното образование во Северна Македонија", 2022/2023 година
- Консултантски услуги за потребите на Фридрих Науман Фондација при изработка на проекти поврзани со дигитализација и децентрализација на услуги, 2020-2023
- Консултантски услуги за потребите на Швајцарска агенција за развој и соработка во изработка на годишните извештаи за демократскиот, општествениот и економскиот напредок на земјата наспроти процесот на интеграција на во ЕУ (2014-2020)
- Консултантски услуги за потребите на UNDP за проектот „Мапирање на услугите за социјална грижа", 2017-2018 година
- Стручна редакција на сите изданија од 2018 до 2022 година на Списанието за политика, род и култура „Идентитети", издадено од ИОХН-Скопје
- Стручна редакција на „Модел за деполаризација: Политичкиот дијалог и граѓанското учество во надминување на општествената поларизација", ИОХН-С, Скопје, 2020

INSTITUTE OF
SOCIAL
SCIENCES AND
HUMANITIES
SKOPJE
INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

## КОНФЕРЕНЦИИ, ОБУКИ, ШКОЛИ, РАБОТИЛНИЦИ И КАМПАЊИ

Конференција „Авении на соработка: кон презамислена регионална припадност", 3 и 4 декември, 2021 во Скопје

Конференција: „Испорачување на дигитални услуги креирани за граѓаните, 2 септември, 2021 во Скопје

Конференција "Innovation in Education: Intersecting Sciences and Humanities", 2020, онлајн

Затворена работилница "On the path towards the EU: Effective and transparent administration in service for citizens", онлајн, 11 декември 2020

Школа за политика и критика 2022 „Авторитаризмот и левицата: иднината на демократијата во Југоисточна Европа" (Скопје, 10-12 септември 2022)

Школа за политика и критика 2021 "„Материјалистички и колективистички борби за климатска правда: еко-социјализам, марксистички феминизам и критика на авторитаризмот воспоставувајќи обединета платформа" (Скопје, 10-12 септември, 2021)

Школа за политика и критика 2020 „ Ксенофеминизам и други форми на феминизам и материјализам" (Скопје, 10-12 септември, 2020)

Школа за политика и критика 2019 „Муниципалистичко организирање и левичарски решенија на животна средина" (Скопје, 13-15 септември, 2019)

Неформална школа за младите жени во Северна Македонија (Скопје/онлајн, октомври-декември, 2022 година)

Неформална школа за младите жени во Северна Македонија „Феминистичко образование за сите" (Скопје/онлајн, октомври-ноември, 2021 година)

Веб кампања за подигнување на свеста „Деполаризирај се" (2019-2023)

Веб кампања за подигнување на свеста „Твојата приказна", (2020-2022)



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

**СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ**

Студиски престој во "Contestations of the Liberal Script" (SCRIPTS) на Универзитетот Фрај во Берлин (1-15 октомври 2019)

**УЧЕСТВО ВО КОМИСИИ И ТЕЛА НА ДРЖАВНИ И ДРУГИ ОРГАНИ**

Поранешен член на советодавната група на Регионалната програма за локална демократија на Западен Балкан (ReLOaD) 2017-2020

Поранешен член на Управен одбор на Фонд за иновации и технолошки развој (2020-2023)

## 2.1.2. НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Во Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје од 2012 до 2016 година, проф. д-р Калина Лечевска го предава предметот „Современи трендови во социјалните политики во Европа." Од 2016 година го презема изборниот предмет „Студии на политики во граѓанскиот сектор". Во изминатите 5 години била ментор на една магистерска теза, членувала во шест комисии за одбрана на магистерски трудови, шест комисии за избор во звање, како и надворешен рецензент на еден научен труд.

Досегашното научно-истражувачко и работно искуство, објавените трудови, учеството на бројни истражувања и проекти, завршеното образование како и работата во наставно-научната дејност на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, се доказ на сериозниот пристап на проф. д-р Калина Лечевска во научното истражување.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката, проф. д-р Калина Лечевска, во учебната 2021/2022 година доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за општествени и хуманистички истражувања – Скопје.



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF
SOCIAL
SCIENCES AND
HUMANITIES
SKOPJE
INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

**3. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

По разгледувањето на приложените трудови и по усогласувањето на поединечните мислења, констатиравме дека проф. д-р Калина Лечевска со научните истражувања и посветеноста на научната работа постигнала одличен напредок во изминатиот период во областите на општествените и хуманистичките науки.

**Заклучок:**

Од приложените трудови, може да се констатира дека проф. д-р Калина Лечевска има значајно и богато искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти и во наставно-научната дејност. Нејзината работа и трудови се базирани на самостојно работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања.

Темите кои се опфатени во нејзината работа, како и темите од магистерскиот и докторскиот труд покажуваат дека кандидатката има пионерски пристап за анализа на проблемите кои целосно биле занемарени. Со тоа покажала сериозна самостојност и посветеност да даде сопствен придонес во развој на соодветните области. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот. По внимателно разгледување на приложената документација, комисијата заклучи дека проф. д-р Калина Лечевска ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за избор во научно звање –научен советник (еквивалент: редовен професор).

**Предлог:**

По запознавањето со научниот опус и наставните активности на проф. д-р Калина Лечевска, донесовме заклучок дека покрај формалното исполнување на предвидените услови, таа е и сериозно посветена на научно-истражувачката работа и сопственото надградување. Имаме чест и задоволство да му предложиме на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје,



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

проф. д-р Калина Лечевска да се избере во звањето научен советник (еквивалент: редовен професор) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Дона Колар-Панов, професор емеритус,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседателка

Институт за општествени и хуманистички науки • Скопје

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, членка

Д-р Маја Мухиќ, редовен професор,
Универзитет на Југоисточна Европа- Скопје, членка



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 68/2023
26.05.2023 год.
СКОПЈЕ

**РЕФЕРАТ**

За избор на еден виш научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје.

Со одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научниот совет одржана на 25.04.2023 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден виш научен соработник.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и наставната дејност на кандидатот.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Гордан Георгиев;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и наставната дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор).

Комисијата во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. Викторија Боровска и проф. д-р Ристо Карајков по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Д-р Гордан Георгиев роден 08.11.1978 год. во 1999 дипломирал на факултетот за Политички науки на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје. Во 2003 се здобива со звање магистер по политички науки и меѓународни односи на Институтот за политички науки, Париз. Во 2014 се стекнува со звањето магистер по европски студии на Кинг Колеџот од Лондон. Во 2009 година се здобива со диплома за завршен програм по извршно образование на Харвард. Во 2016 година го одбранил својот докторски труд на правниот факултет, на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје и се стекнал со научното звање доктор по политички науки.

Д-р Георгиев од 2021 година е ангажиран како советник при министерството за надворешни работи. Во периодот од 2020 и 2021 бил Декан на Американскиот Универзитет од Европа на факултетот за право и политички науки. Бил ангажиран и како главен експерт од страна на многу меѓународни организации. Од 2018 година е професор на предметот Вовед во студии на политиките на институтот за општествени и хуманистички науки, Скопје.

Автор е на голем број научни трудови. Воедно, д-р Георгиев редовно пишувал колумни за: „Дојче Веле“, „Економија и Бизнис“, и „Утрински Весник “

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. Научно-истражувачка дејност

Д-р Гордан Георгиев работел на бројни научно-истражувачки проекти што опфаќале квантитативни и квалитативни истражувања и анализи. Како порелевантни може да се наведат следниве:

- Научен истражувач на годишниот извештај "Independent Context Watch 2018", ИОХН-С, поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка, 2018
- Научен истражувач на годишниот извештај "Independent Context Watch 2019", истражувач, ИОХН-С, , поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка, 2019

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Научен истражувач на годишниот извештај и обучувач за комуникациски вештини, застапување, лобирање во Либанскиот парламент, *Westminster Foundation for Democracy (WFD)* 2019

- Научен истражувач и експерт на годишниот извештај, Развивање Индекс на транспарентност на политичките партии (ППТИ) за политичките партии во Западен Балкан, Форум за разумни политики 2019
- Научен истражувач на годишниот извештај, Компаративна анализа на клучните улоги и одговорности за повисокото раководство на државната служба во релевантните земји на ЕУ, Центар за управување со промени, 2019
- Научен истражувач на проектот „Демографско истражување во Северна Македонија", проект на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од International Foundation of Electoral Systems, 2020

**2. Објавени трудови**

**Трудови:**

1. PROPOSALS FOR ELECTORAL REFORM IN NORTH MACEDONIA: A REVIEW AND FEASIBILITY ASSESSMENT, A Study Commissioned by the International Foundation of Electoral Systems, North Macedonia
Authors: Marina Popescu, Gordan Georgiev, Aleksandar Spasenovski, Veli Kreci,
Publisher: IFES North Macedonia, Skopje, 2022

2. DELIBERATION: THE PATH OF DISMANTLING THE #STATECAPTURE IN MACEDONIA. Policy Reflections on Macedonia 2016 – 2018, Authors: Katerina Kolozova,Ph.D. ,Gordan Georgiev, Ph.D., Publisher: Institute of Social Sciences and Humanities – Skopje, 2019

3. "30 години независност: Сами на своето!?!"- Гордан Георгиев
П Р Е Д И З В И Ц И - списание за општествени прашања, година iii, број 11, септември 2021, издава: Фридрих Еберт Фондација – Скопје

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

4. „Компаративна анализа на клучните улоги и одговорности за повисокото раководство на државната служба во државите на ЕУ (Австрија, Белгија, Франција, Португалија, и Словенија)"- Гордан Георгиев, Неда Малеска Издавач: Центар за управување со промени, 2020

5. Учество во научен проект со публикација, Стратешко пратнерство за интердисциплинарни студии за Балканот: „Геофилозофија на Балканот" (ЕРАЗМУС 2019-2023)

6. "State of Transparency of Political Parties in the Western Balkans for 2021"- Gordan Georgiev, Publisher: Westminster Foundation, Western Balkans Democracy Initiative, 2022

**3. Наставно научна дејност**

Во 2018 година, д-р Георгиев бил избран како научен соработнтк/доцент на Институтот за општествени и хуманитички науки, Скопје.

Георгиев има 20 годишно искуство во и со граѓанско општество, политички партии, истражување на политички партии, внатрепартиска демократија (ИПД), политичко учество, анализа на политики.

Бележи работа со консултантски проекти (Пари во политиката, транспарентност на политичките партии, обука на пратениците во регионот на ЈИЕ за парламентарен надзор, прирачник за застапување и лобирање за граѓански организации итн.). до сега има дизајнирано, развиено и спроведено бројни обуки за пратеници, политички партии, граѓански организации за застапување, лобирање и комуникација во Либан, Р. С. Македонија, регионот на ЈИЕ.

Георгиев бил ангажиран како клучен експерт и лидер на тим во различни национални и регионални (Западен Балкан) истражувачки студии во врска со политичките

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

партии, развојот на граѓанското општество, функционирањето на парламентот, политичкиот и геополитичкиот контекст, демократскиот развој, меѓуетничките односи

(Фондацијата Вестминстер за демократија, Швајцарија Развојна соработка, ОБСЕ, УСАИД, ИФЕС, германска амбасада итн.)

Со досегашното академско и работно искуство, објавените трудови, завршеното образование и ангажманот во наставно-научната дејност на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје кандидатот доц. д-р Гордан Георгиев покажува сериозен пристап во научното истражување.

## III. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

По прегледувањето на опусот на научно-истражувачката дејност и наставната дејност и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано дека во текот на неговите академски ангажмани на високообразовните и научни установи д-р Гордан Георгиев реализирал обемен опус на квантитативни и квалитативни истражувања од областа на политикологијата со посебен фокус на промовирање на лобирање, застапување и анализа на политики.

Во своите истражувања и искуството во работата со високообразовните и научни установи тој развива научни истражувачки прашања, продлабочувајќи ги теориските и емпириските концепти поврзани со интердисциплинарните области од полето на општествените и хуманистички науки.

**Заклучок:**

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Од приложената документација може да се констатира дека: д-р Гордан Георгиев има искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти: емпириски истражувања, анализа на содржина, анализа на податоци и пишување на научни студии полиси документи. Тој е автор на бројни трудови, студии, истражувања, извештаи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања.

Темите кои ги опфаќа во својата научно-истражувачка работа, магистерскиот и докторскиот труд покажуваат дека има значаен удел за општествените и хуманистичките дисциплини во Северна Македонија. Неговиот истражувачки и наставно ангажман покажуваат сериозна иницијативност и желба да даде придонес во развојот на соодветните научни области.

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека д-р Гордан Георгиев ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Северна Македонија, за избор во научно звање – виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор).

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности на д-р Гоергиев, можеме да заклучиме дека тој постигнал значајни резултати кои имаат влијание на развојот на науката и практиката во Република Северна Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, д-р Гордан Георгиев да се избере во звањето виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Рецензентска комисија:

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,

Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседателка

Д-р Викторија Боровска, вонреден професор,

Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, членка

Д-р Ристо Карајков, вонреден професор,

Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk